**П Р Е Д Л О Г**

Собранието на акционери на ГД Гранит АД Скопје, на годишната седница одржана на ден 19.06.2019 година, врз основа на член 383 став 1 алинеја 4 и член 384 став 2 алинеја 5 и 6 од Законот за трговски друштва (Службен весник на Р.М. бр.28/04), ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за одобрување на работата на членовите на Управниот Одбор и членовите на Надзорниот Одбор**

1. Во врска со водената расправа за Годишната Сметка, Финансиските Извештаи и Годишниот Извештај за работењето на ГД Гранит АД Скопје, за претходната деловна година, Собранието на акционери пристапи кон задолжително одобрување на работата на членовите на Управниот Одбор на Друштвото, како и на работата на членовите на Надзорниот Одбор на Друштвото.
   На Собранието на акционери на ГД Гранит АД Скопје, се водеше расправа и се гласаше одделно за секој член на овие органи на Друштвото, при што Собранието ја одобри нивната работа и тоа:

   **На членовите на Управниот Одбор на Друштвото:**

   1. Страшо Милковски -Претседател на Управен Одбор
   2. Зоран Милковски -Член на Управен Одбор
   3. Виолета Божиноска -Член на Управен Одбор
   4. Андреа Серафимовски -Член на Управен Одбор
   5. Венко Зафиров -Член на Управниот Одбор

   **На членовите на Надзорниот Одбор на Друштвото:**

   1. Ивана Милковска Симева -Претседател на Надзорен Одбор
   2. Ристо Иванџиков -Член на Надзорен Одбор
   3. Горан Марковски -Независен член на Надзорен Одбор

2. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач со Собранието

________________________

Доставено до:
- Сектор за финансиски работи
- Сектор за сметководство
- Сектор за ПКОР
- А р х и в а